| **II. ГРУПА**<br><br>Дреново, Брушани, Ресава, Раец, Бегниште,Дабниште, Фариш, Кошани | **I** | 26 | 32 | 36 | 41 | 39 | 47 | 54 | 59 |
| | **II** | 24 | 30 | 34 | 39 | 37 | 45 | 52 | 57 |
| | **III** | 22 | 28 | 32 | 37 | 35 | 43 | 50 | 55 |
| | **IV** | 20 | 26 | 30 | 35 | 33 | 41 | 48 | 53 |
| | **V** | 18 | 24 | 28 | 33 | 31 | 39 | 46 | 51 |
| | **VI** | 16 | 22 | 26 | 31 | 29 | 37 | 44 | 49 |
| | **VII** | 14 | 20 | 24 | 29 | 27 | 35 | 42 | 47 |
| | **VIII** | 12 | 18 | 22 | 27 | 25 | 33 | 40 | 45 |
| **III. ГРУПА**<br>Крњево, Ќесендре, Конопиште, Бошава, Мрежичко, Бојанчиште, Рожден, Бохула, Страгово, Гарниково,Добротино Драгожел, Драдња, Радња, Клиново , Куманичево, Праведник, Чемерско Грбовец и Шешково | **I** | 20 | 26 | 30 | 35 | 33 | 41 | 48 | 53 |
| | **II** | 18 | 24 | 28 | 33 | 31 | 39 | 46 | 51 |
| | **III** | 16 | 22 | 26 | 31 | 29 | 37 | 44 | 49 |
| | **IV** | 14 | 20 | 24 | 29 | 27 | 35 | 42 | 47 |
| | **V** | 12 | 18 | 22 | 27 | 25 | 33 | 40 | 45 |
| | **VI** | 10 | 16 | 20 | 25 | 23 | 31 | 38 | 43 |
| | **VII** | 8 | 14 | 18 | 23 | 21 | 29 | 36 | 41 |
| | **VIII** | 6 | 12 | 16 | 21 | 19 | 27 | 34 | 39 |

Земјоделското земјиште под шуми ќе се третира како трета класа нива од соодветната катастарска општина.

**Член 2**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини бр.08-1608/7 од 05.05.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-1313/2** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**28.02.2023 година** **Претседател,**

К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот**
**за усвојување на**
**Известувањето за работата на Одделението за внатрешни работи – Кавадарци за 2022 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Известувањето за работата на Одделението за внатрешни работи –Кавадарци за 2022 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.03.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), расправајки по Известување со арх.бр.22.23.6-1-518/1-23 од 31.01.2023 година за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за 2022 година, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница, одржана на ден 28.03.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Известувањето за работата на Одделението за внатрешни работи –Кавадарци, Известување со арх.бр.22.23.6-1-518/1 -23 од 31.01.2023 година за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за 2022 година .

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „ Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-1313/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.02.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година**

1 СЕ ОБЈАВУВА Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/4**
**01.03.2023 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 20 став 1 точка 1 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ"бр. 32/20), член 82, став 1, точка 6 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05..75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.5/21....22/22), се врши следната измена и дополнување:

Глава: IV. Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица, се додаваат нови точки после точка 39, кои гласат:

40. Детален урбанистички план за УЕ 14, дел од Блок 14.8, „Ваташа Запад", КО Ваташа, Општина Кавадарци "

Граница на планскиот опфат:

-на северозапад – граница помеѓу две урбани единици УЕ10 и УЕ14

- на североисток- улица Фуштани, улица 4-ти Мај, улица Ристо Џондев, превземени од ДУП за град Кавадарци од 1976 година

- на југоисток – улица Киро Арсов, превземена од ДУП за град Кавадарци од 1976 година

- на југозапад – граница на опфат од Изменување и дополна на ГУП Кавадарци со населбите Ваташа и Глишиќ

Површина на планскиот опфат-~11,2334 ха.

Намена:

- А1 – домување во станбени куќи
- Е1 – комунална инфраструктура
- Д2 – заштитно зеленило

41. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за А4.7 – Куќи за потребите на селскиот туризам, на КП 3251, м.в.Коштаните, КО Ваташа, Општина Кавадарци

Граница на планскиот опфат:

- на североисток КП 3670/1 КО Ваташа, река Луда Мара
- на исток – КП 3250 и КП 3249 КО Ваташа
- на југ КП 3252/2, КО Ваташа
- на запад – КП 3705/2 КО Ваташа, земјен пат

- Површина на планскиот опфат-~0,4181 ха.
- Намена:

А4.7 – куќи за потребите на селскиот туризам

42. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.6 – Индустрија за бела техника, електрични апарати, фотоволтаични панели, системи за климатизација на КП 10087/1, КО Кавадарци, Општина Кавадарци

Граница на планскиот опфат:

- на север КП 10087/2 КО Кавадарци
- на исток – КП 16441 КО Кавадарци
- на југ КП 10088, КО Кавадарци
- на запад – КП 10086 КО Кавадарци
- Површина на планскиот опфат-~0,2057 ха.
- Намена:

Г2.6 – Индустрија за бела техника, електрични апарати, фотоволтаични панели, системи за климатизација

43. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за А4.7 – Куќи за потребите на селскиот туризам, на КП 1149/1 КО Ресава, Општина Кавадарци

Во наведените иницијативи може да се применува член 80 и 81 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Член 2

Оваа Програма влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во („Сл. Гласник на Општина Кавадарци" ).

**Бр.08-1313/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.02.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 11, дел од Блок 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА„ КО Кавадарци со плански период(2020-2025)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 11, дел од Блок 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА„ КО Кавадарци со плански период(2020-2025), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.03.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002), а во врска со член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Сл.весник на РМ” бр.199/14....168/18 ), член 20 став 3 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Сл.весник на РСМ” бр.32/20), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр. 8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на**

**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**
**ЗА УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА”**
**КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025**

.

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци го донесува ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА" КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, плански период 2020-2025.

Документацијата за донесување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА" КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, плански период 2020-2025, е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) и „Службен весник на РСМ" бр. 32/20), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистички планирање („Службен весник на РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилник за поблиска содржина,форма и начин на ГУП, ДУП,УПС,УПВНМ, регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и архитектонско урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура („Службен весник на РМ" бр.142/15).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА" КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, плански период 2020-2025, е со вкупна површина од 0,67 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА" КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, плански период 2020-2025.

-Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.21-704/2 од 14.02.2023 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА" КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, плански период 2020-2025, ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА" КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, плански период 2020-2025, истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 30061.

**Член 6**

Општина Кавадарци - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1 „ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА" КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, плански период 2020-2025, ке го објави во електронска форма на својата интернет страна.

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Кавадарци.

**Бр.08-1313/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.02.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за Урбана единица 5, Блок 5.10„Цветан Димов„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период (2018-2023)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за Урбана единица 5, Блок 5.10„Цветан Димов„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период (2018-2023), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/6**
**01.03.2023 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002), а во врска со член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Сл.весник на РМ” бр.199/14....168/18 ), член 20 став 3 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Сл.весник на РСМ” бр.32/20), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр. 8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на**
**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**
**за дел од УЕ 5, блок 5.10, „Цветан Димов“,**
**КО Кавадарци град, Општина Кавадарци**
**плански период 2018 – 2023**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци го донесува ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од УЕ 5, блок 5.10, „Цветан Димов“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2018 – 2023.

Документацијата за донесување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од УЕ 5, блок 5.10, „Цветан Димов“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2018 – 2023, е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) и „Службен весник на РСМ” бр. 32/20), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистички планирање („Службен весник на РМ” бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилник за поблиска содржина,форма и начин на ГУП, ДУП,УПС,УПВНМ, регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и архитектонско урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура („Службен весник на РМ” бр.142/15.).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од УЕ 5, блок 5.10, „Цветан Димов“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2018 – 2023, е со вкупна површина од 4,64 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од УЕ 5, блок 5.10, „Цветан Димов“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2018 – 2023.

-Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.21-783/2 од 14.02.2023 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од УЕ 5, блок 5.10, „Цветан Димов“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2018 – 2023, ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од УЕ 5, блок 5.10, „Цветан Димов“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2018 – 2023, истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 15227.

**Член 6**

Општина Кавадарци - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од УЕ 5, блок 5.10, „Цветан Димов“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2018 – 2023, ке го објави во електронска форма на својата интернет страна.

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник” на Општина Кавадарци.

**Бр.08-1313/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.02.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.03.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија"бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.31/16, бр.190/17) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/2021), член 132 став 1 одСтатутот наОпштина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница, одржана на ден 28.02.2023 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат,со што ќе се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. Барање бр.15-735 од 27.12.2018год. на барателот Драги Самарџиов од Кавадарци со стан на ул„Пере Тошев„бр.24,за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Станбен и помошен простор,зграда бр.1и зграда бр.2 изграден во мв„Белите камења„на КП бр.747КО Бегниште.

2. Барање бр.15-196од 01.06.2018год. на барателотБлажо Стојанов од село Бегниште,за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Помошен простор -гаража, зграда бр.1 изграден во мв„Спротива„ на КП бр.1442КО Дабниште.

3. Барање бр.15-901од 31.12.2018год. на барателот ДПТУ ТРАСЕР Станоја ДООЕЛ експорт-импорт с.Мрежичко,за утврдување на правен статус на бесправен објект,

   -Помошен простор, зграда бр.1 изграден во мв„Заечка глава„ на КП бр.743/1 КО Мрежичко.
   - Помошен простор, зграда бр.1 изграден во мв„Рамниште„ на КП бр.502/1 КО Мрежичко.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”

**Бр.08-1313/7** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.02.2023 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.

2 .Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/8** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.03.2023 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија"бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.31/16, бр.190/17) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/2021), член 132 став 1 одСтатутот наОпштина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница, одржана на ден 28.02.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на бесправно изградените објекти кои треба да се вклопат во поединачни зони со намената на земјиштето и општиот режим на градење, на тој начин што со идната урбанистичко планска документација ќе се изврши усогласување со состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. Барање бр.15-901 од 31.12.2018год. на барателот ДПТУ ТРАСЕР Станоја ДООЕЛ експорт-импорт с.Мрежичко,за утврдување на правен статус на бесправен објект,

-Помошен простор, зграда бр.1 изграден во мв„Село„ на КП бр.777 и дел од КП бр.776 КО Мрежичко.

2. Барање бр.15-553 од 03.12.2018год. на барателот Јованче Димков од Кавадарци со стан на ул„Црноречка„бб,за утврдување на правен статус на бесправен објект,

-Станбен простор, зграда бр.1 изграден во мв„Белите камења„ на КП бр.5189/1 КО Кавадарци вон град.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-1313/8** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**28.02.2023 година** — **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за распределба на финансиските средства на пријавени апликанти согласно Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за распределба на финансиските средства на пријавени апликанти согласно Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.03.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 точка 15, член 32 став 2 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2023 година со арх.бр.08-365/11 од 25.01.2023година („Службен гласник на општина Кавадарци" бр.26/23), Јавниот повик за прибирање на апликации за финансиска подршка од Буџетот на општина Кавадарци за 2023 година наменети за спортски клубови и здруженија, општински и училишни сојузи како и подршка на манифестации, турнири и проекти во областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци со арх.бр.09-755/1 од 01.02.2023година член 96 од Деловникот на Совет на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ 21/06, 72/21), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на општина Кавадарци„ бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19 , 64/20,75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница, одржана на ден 28.02.2023 година, донесе ,

# О Д Л У К А
**за распределба на финансиски средства на пријавени апликанти согласно Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци**

## Член 1
Со оваа Одлука се врши распределба на финансиски средства од Буџетот на општина Кавадарци за 2023 година по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2023 година со арх.бр.08-365/11 од 25.01.2023година, согласно објавениот Јавен повик за прибирање на апликации за финансиска подршка од Буџетот на општина Кавадарци за 2023 година наменети за спортски клубови и здруженија, општински и училишни сојузи како и подршка на манифестации, турнири и проекти во областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци со арх.бр.09-755/1 од 01.02.2023година

## Член 2
Распределбата на финансиските средства е извршена врз основа на Правилнкот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци со арх.бр.08-7333/50 од 24.12.2021год, со арх.бр. 08-347/2 од 27.01.2022 и арх.бр.08-365/35 од 25.01,2023година (Службен гласник на Општина Кавадарци бр.5/21, 6/22, 26/23).

## Член 3
Согласно Правилнкот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци со арх.бр.08-7333/50 од 24.12.2021год, со арх.бр. 08-347/2 од 27.01.2022 и арх.бр.08-365/35 од 25.01,2023година (Службен гласник на Општина Кавадарци бр.5/21, 6/22, 26/23), е извршена распределба на финансиски средства и тоа:

1. Износот од 1.000.000,00 денари без бодирање ќе се обезбедат согласно финансиските потреби на следните апликанти:

| АПЛИКАНТ | Финансиски средства во ден. |
|---|---|
| 1. Општински сојуз на училишен спорт на Кавадарци | 130.000,00 |
| 2.Училишен спортски клуб „Димката А.Габерот“ Кавадарци | 40.000,00 |
| 3.Училишен спортски клуб „Добри Даскалов“ Кавадарци | 40.000,00 |
| 4.Училишен спортски клуб „Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | 40.000,00 |

| | |
|---|---|
| 5.Училишен спортски клуб „Страшо Пинџур“ Кавадарци | 40.000,00 |
| 6.Училишен спортски клуб „Гоце Делчев“ Кавадарци | 40.000,00 |
| 7. Училишен спортски клуб „Тошо Велков-Пепето“ Кавадарци | 30.000,00 |
| 8. Училишен спортски клуб „Димката А.Габерот“ с.Ваташа | 40.000,00 |
| 9. Сојуз на спортови на град Кавадарци | 600.000,00 |
| ВКУПНО: | 1.000.000,00 |

2. Износот од 4.000.000,00 денари со бодирање ќе се обезбедат согласно финансиските потреби на следните апликанти:

| АПЛИКАНТ | Финансиски средства во ден. |
|---|---|
| 1.Здружение на граѓани Женски кошаркарски клуб „ТРОКАЛ“ Кавадарци | 158.100,00 |
| 2. Карате клуб „КАВАДАРЦИ“ Кавадарци | 111.600,00 |
| 3. Здружение Атлетски клуб „КАВАДАРЦИ“ Кавадарци | 93.000,00 |
| 4. Џудо клуб „КОЖУВЧАНКА“ КМ-КМ Кавадарци | 130.200,00 |
| 5. Здружение Ракометен клуб „ТИКВЕШ ЈУНИОРИ 2012“ Кавадарци | 130.200,00 |
| 6. Карате клуб „ТИКВЕШ“ Кавадарци | 111.600,00 |
| 7. Здружение „КИК БОКС КЛУБ БУДО“ Кавадарци | 110.600,00 |
| 8. Стрелачки клуб „КАВАДАРЦИ“ Кавадарци | 83.700,00 |
| 9. Здружение за слепи и слабовидни лица „ВИЗИЈА“ Кавадарци | 37.200,00 |
| 10. Здружение Кошаркарски клуб „АКАДЕМИК“ Кавадарци | 55.800,00 |
| 11. Здружение Тениски клуб „ЦРНА РЕКА“ Кавадарци | 111.600,00 |
| 12. Здружение Карате клуб „Сансаи МЕТАЛ АПОСТОЛОВ“ Кавадарци | 130.200,00 |
| 13. Здружение за гимнастички спортови „ПАРТИЗАН 2014“ Кавадарци | 130.200,00 |
| 14. Здружение на граѓани Карате клуб „ЕЛЕН-ЕДЕН“ Кавадарци | 111.600,00 |
| 15. Здружение за кошарка „КК ЈАСМИН“ Кавадарци | 120.900,00 |
| 16.Здружение спортски клуб за нуркање и пливачки активности „КРАЧОВИЦА“ | 55.800,00 |
| 17. Спортски риболовен клуб „ОСКАР“ Кавадарци | 74.400,00 |
| 18. Здружение на граѓани „НИНЏИТСУ КЛУБ ТАТСУЏИН“ Кавадарци | 74.400,00 |
| 19. Здружение Кошаркарски клуб „ПРО БАСКЕТ БАЛ“ Кавадарци | 148.800,00 |
| 20. Пинг-понгарски клуб „КАВАДАРЦИ“ Кавадарци | 102.300,00 |
| 21. Кошаркарски клуб „ВЕТЕРАНИ“ Кавадарци | 37.200,00 |
| 22. Здружение Кошаркарски клуб „СПОРТИСИМО БАСКЕТ“ Кавадарци | 102.300,00 |
| 23. Аеро клуб „ВИТАЧЕВО“ Кавадарци | 65.100,00 |
| 24. Планинарско спортско друштво „ОРЛЕ“ Кавадарци | 46.500,00 |
| 25. Здружение „ТИКВЕШКИ ТОЧАКЦИИ“ Кавадарци | 37.200,00 |
| 26. Здружение Карате клуб „РОНИН КАИ КАН“ Каваадрци | 46.500,00 |
| 27. Фудбалски клуб „МАРЕНА“ с. Марена | 139.500,00 |
| 28. Фудбалски клуб „СОПОТСКО ПОЛЕ“ с.Сопот | 46.500,00 |
| 29. Здружение Атлетски клуб „ОЛИМПИЈА 2019“ Кавадарци | 93.000,00 |
| 30. Фудбалски клуб „ГАБЕР“ с.Ваташа | 46.500,00 |
| 31. Здружение Боди Билдинг клуб „ЕКСТРИМ ЏИМ 212“ Кавадарци | 65.100,00 |

| | |
|---|---|
| 32. Кик Бокс клуб „КАВАДАРЦИ“ Кавадарци | 93.000,00 |
| 33.Здружение на рекреативци и екологисти „МЕРЕДИЈАН Атлетик ЕКО“ | 37.200,00 |
| 34. Клуб за мал фудбал „КЛИМИ“ Кавадарци | 130.200,00 |
| 35. Здружение „КАВАДАРЕЧКИ ДЕЛФИНИ“ Кавадарци | 46.500,00 |
| 36. Здружение фитнес клуб „БУДО-ФИТ“ Кавадарци | 65.100,00 |
| 37. Фудбалски клуб „ВАТАША 2019“ с.Ваташа, Кавадарци | 46.500,00 |
| 38. Здружение одбојкарски клуб „ТИКВЕШ ВОЛЕЈ 2019“ Кавадарци | 93.000,00 |
| 39. Здружение КК „ПРО БАСКЕТ 2019“ Кавадарци | 111.600,00 |
| 40. Здружение РУТС-БЏЦ „ТИКВЕШ“ Кавадарци | 113.600,00 |
| 41. Општински фудбалски сојуз Кавадараци | 37.200,00 |
| 42. ЖФК „ТИКВЕШАНКА“ с.Ваташа | 27.900,00 |
| 43. ФК „ДРЕНОВО“ с.Дреново | 46.500,00 |
| 44. Кошаркарски клуб „ЕУРО НИКЕЛ“ Кавадарци | 167.400,00 |
| 45. Здружение сојуз на инвалиди Кавадарци | 46.500,00 |
| 46. Карате клуб „ЕНЕРЏИ ОСС“ Кавадарци | 93.000,00 |
| 47. Танцов Спортски клуб „ЛИНЕА ДЕНС“ Кавадарци | 37.200,00 |
| ВКУПНО: | 4.000.000,00 |

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.08-1313/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
28.02.2023 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП„Комуналец„ Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП„Комуналец„ Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-1542/10 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
01.03.2023 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Кавадарци д-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 6 и член 11 од Законот за социјална заштита („Сл.весник на РСМ" бр. 104/2019....99/2022) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница, одржана на ден 28.02.2023 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката**
**за субвенционирање на ЈП „Комуналец" Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик**

**Член 1**

Во Одлуката за субвенционирање на ЈП „Комуналец" Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик со арх.бр.08-7000/6 од 15.11.2022 година, се врши следната измена и дополнување :

Во член 3 после став 1 СЕ ДОДАВА нов став 2 кој гласи:
„ Доколку износот на месечната комунална сметка изнесува повеке од 800,00 денари, корисникот е должен истата да ја доплати, во предвидениот рок„

Во член 6 став 4 СЕ МЕНУВА и гласи:
„ Јавниот повик трае се до полноважноста на Одлуката односно до искористување на предвидените средства за оваа намена, со тоа што корисникот кој ги исполнува условите наведени во Одлуката, субвенцијата ке ја искористи за онолку месеци колку што преостануваат од денот на поднесувањето на барањето до денот на важењето на оваа одлука т.е до 31.12.2023 година.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-1313/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.02.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Дабниште, с.Горниково и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Дабниште, с.Горниково и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/11**
**01.03.2023 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“бр.05/02), член 120 и 121 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ„бр.68/04...31/20), член 144 став 3 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ„бр.216/21), а во врска со Барање со арх.бр.03-297/1 од 17.02.2023 година од ЈП„Комуналец„ Кавадарци, член 131 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05 ... 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница, одржана на ден 28.02.2023 година, донесе ,

# О Д Л У К А
## за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Дабниште, с.Горниково и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Дабниште, с.Горниково и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово.

### Член 2

Висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Дабниште, с.Горниково и с.Раец и населбите кои гравитираат околу Тиквешкото езеро-Ресавски залив и Брушани и локалитетот Михајлово е со следниот износ:

**-физички лица**

износ од 2,00 ден/м2 за покриен простор
износ од 0.5 ден/м2 за двориште но не повеке од 160м2;

**-правни лица**
износ од 2,5 ден/м2 за покриен простор
износ од 1,00 ден/м2 за дворна површина,
за дуќани се плака од м2 за покриен простор што го поседуваат и тоа :
дуќани од категорија 1 зона 3-износ од 10,5 ,00 ден/м2,
дуќани од категорија 2 зона 3-износ од 9 ,00 ден/м2,
дуќани од категорија 3 зона 3-износ од 7,00 ден/м2,
(категоријата на дуканите се одредува спрема дејноста која се извршува во деловниот простор, а зоната се определува спрема оддалеченоста на објектот од централното градско подрачје).

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Оваа одлука претстанува да важи Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката, за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина Кавадарци, со арх.бр.08-1458/21 од 13.03.2020 година.

**Член 4**

Одлуката влегува сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр.08-1313/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.02.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2023 година

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.03.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 32 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/2016, 142/2016, 11/2018,„Сл.Весник на РСМ„„275/19, 14/2020, 215/21, 99/22), член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 27/16,198/18,„Сл.Весник на РСМ„бр.143/19,14/2020), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2023 година**

Член 1

Се дава согласност Измена и дополнување на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2023 година, со арх.бр.04-1312/1 од 16.02.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-1313/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.02.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.66/22 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.66/22 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/13**
**01.03.2023 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр. 5/02), член 132 став од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19 и 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.66/22 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.66/22, поведен пред Основен суд Кавадарци.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.66/22 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиштедел од кп.бр.5589/2 м.в.„Домовица“ култура гнз со новоформирана кп.бр.5589/19 во површина од 520 м2 со право на сопственост на Коцева Благица од Кавадарци ул.„К.Мисирков“бр.55 согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-244 од 02.03.2022 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на објект за општа употреба - дел од улица „Домовица“ предвидена со ДУП за УЕ „Рајко Жинзифов” 2001-2006 Кавадарцисогласно Геодетски елаборат

за геодетски работи за посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град со деловоден број 0801-198/2020 од 24.11.2020 година изработен од ДГРИ„ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Кавадарци.

2. При спроведувањето на Решението за експропријација од точка 1 на оваа спогодба од страна на Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности Кавадарци извршено е делумно запишување на промена во катастарот на недвижностите со тоа што експроприраното земјиште со новоформирана кп.бр.5589/19 е запишано во помала површина од 501 м2 на Имотен лист 5288 КО Кавадарци - вон како сопственост на Република Македонија со право на користење напредлагачот Општина Кавадарци – Локална самоуправа, согласно Потврда на Агенција за катастар на недвижности бр.1113-411/2022 од 18.04.2022 година за делумно запишување на промена во катастарот на недвижностите од причина што површината на кп.бр.5589/19 била помала во однос на решението за експропријација бидејќи претходно дел од неа (кој припаѓа на кп.бр.5589/17 ) КО Кавадарци вон град е отуѓен.

3. Странките на Судската Спогодба се согласни за експроприраното и запишано земјиште од точка 1 и 2 на оваа спогодба со новоформирана кп.бр.5589/19 во површина од 501 м2предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникотизнос од 1.230,00 ден./м2 односно за 501 м2 надоместок во вкупен износ од 616.230,00 денари.

4. Противникот е согласеннадоместокот во вкупен износ од 616.230,00 денарипредлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противникот.

5. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.66/22.

6. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.66/22 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-1313/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.02.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност на ЈП „Комуналец„ Кавадарци„ за поставување на фотонапонски електроцентрали, без надомест, на кровна конструкција на објекти сопственост на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на ЈП „Комуналец„ Кавадарци„ за поставување на фотонапонски електроцентрали, без надомест, на кровна конструкција на објекти сопственост на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1542/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.03.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
Кавадарци д-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 73 од Закон за градење („Сл.Весник на РМ„ бр.130/09...168/18) и („Сл.Весник на РСМ„ бр.244/19...227/22), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 23-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за поставување на фотонапонски електроцентрали без надомест, на кровна конструкција на објекти сопственост на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци дава согласност на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, за поставување на фотонапонски електроцентрали, без надомест, на кровна конструкција на објекти сопственост на Општина Кавадарци, на следните објекти:

**1.објект (Дом на култура)** на градежно земјиште на КП.бр.12709,КО Кавадарци, заведен во,

Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура, 12м2, влез 5 кат 3, стан 5;

Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура , 12м2, влез 6 кат 3, стан 6;

Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура , 11м2, влез 7 кат 3, стан 7;
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура , 44м2, влез 8 кат 3, стан8;
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура, 58м2, влез 9 кат 3, стан 9;
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура, 29м2, влез 10 кат 3;
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура, 53м2, влез 2 кат 1;
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура,51м2, влез 3 кат 1;
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура, 71м2, влез 5 кат 1;
Имотен лист бр.15638, намена зграда на култура, 44м2, влез 001 кат 01;
Имотен лист бр.15638, наменазграда на култура , 42м2, влез 1, пр ;
Имотен лист бр.15775, намена помошни простории, 18м2, влез 1пр;
Имотен лист бр.15638, наменазграда на култура , 48м2, влез 1, пр ;
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура, 54м2, влез 1 кат 1;
Имотен лист бр.15638, наменазграда на култура , 14м2, влез 1;
Имотен лист бр.15638, намена зграда на култура , 197, влез 1, кат 02 ;
Имотен лист бр.15638, наменазграда на култура , 597м2, влез 1, пр ;
Имотен лист бр.15762, наменазграда на култура , 48м2, влез 1, пр ;
Имотен лист бр.15762, наменазграда на култура , 16м2, влез 1, кат по ;
Имотен лист бр.15762, намена помошни простории , 67м2, влез 1, кат по ;
Имотен лист бр.15762, наменазграда на култура , 199м2, влез 1, кат пр ;
Имотен лист бр.15638, намена зграда на култура , 194, влез 1, кат 01 ;
Имотен лист бр.15638, намена зграда на култура ,32, влез 1, кат 02 ;
Имотен лист бр.15638, намена згради во ост стопа. , 22, влез 1, кат пр ;
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура, 43м2, влез 1 к3
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура, 17 м2, влез 2 кат3 стан 2;
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура, 19м2, влез 3 кат3 стан 3;
Имотен лист бр.15775, намена В3-6 дом на култура, 13 м2, влез 4 кат 3 стан.

**2. објект (Општинска зграда)** на градежно земјиште на КП.бр.13138,КО Кавадарци заведен во,
Имотен лист бр.15776, намена општински органи, 148 м2, влез 1 кат 2 ;
Имотен лист бр.15776, намена гаража, 36 м2, влез 1 кат по ;
Имотен лист бр.15776, намена В4-10 држ.органи, 9м2, влез 1 стан 5 ;
Имотен лист бр.15776, намена згр во остан.стоп, 10 м2, влез 2 кат пр ;
Имотен лист бр.15776, намена згр во остан.стоп, 15 м2, влез 4 кат пр ;
Имотен лист бр.15776, намена згр во остан.стоп, 9 м2, влез 6 кат пр ;
Имотен лист бр.15776, намена општински органи, 793 м2, влез 1 кат 1 ;
Имотен лист бр.15776, намена општински органи, 313 м2, влез 1 кат по ;
Имотен лист бр.15776, намена гаража, 37 м2, влез 1 кат пр ;
Имотен лист бр.15776, намена трафостаница, 27 м2, влез 1, кат по ;
Имотен лист бр.15776, намена општински органи, 681 м2, влез 1 кат пр;
Имотен лист бр.15776, намена општински органи, 28 м2, влез, 1 кат пр;
Имотен лист бр.15776, намена гаража, 26 м2, влез 1, кат пр ;

**3. објект 3 (спортска сала при ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци)** на градежно земјиште на КП.бр.13851/1 ,КО Кавадарци заведен во,
Имотен лист бр.13851, намена66-2 спортски сали, 620 м2, влез 1;

**4. објект 2 (спортска сала при ООУ„Димката А Габерот„ Кавадарци)** на градежно земјиште на КП.бр.13292/1 ,КО Кавадарци заведен во
Имотен лист бр.12832, намена66-2 спортски сали, 620 м2, влез 1;

